Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-118/17
22.05. 2024 год.
Тетово

Врз основа на член 336 и 383 од Законот за трговските друштва, член 25 од Законот за хартии од вредност и член 64 од Статутот на Жито Полог Ад Тетово- Пречистен текст, со седиште на ул. Маршал Тито бр.134 во Тетово, ЕМБС 4037634, Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово, на седницата одржана на ден 22.05.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда

### Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** отуѓување на **11.536 сопствени обични акции** издадени од Жито Полог АД Тетово со седиште на ул.Маршал Тито бр.134 во Тетово.

### Член 2

Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции на друштвото и претставуваат **20,60% од основната главнина** на Друштвото.

Номиналната вредност на една обична акција на Жито Полог АД Тетово изнесува **51,13 ЕУР**.

### Член 3

Сопствените обични акции од член 1 Друштвото ги има стекнато заради заштита на пазарната вредност на акциите и заштита на друштвото од значителни штети. Акциите се стекнати во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност и истите се запишани во Акционерската книга на Друштвото која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност.

### Член 4

Сопствените обични акции од член 1 се отуѓуваат заради усогласување со законските одредби како и за одржување на ликвидноста и стабилноста при што финансиски средства би се искористиле како дополнителен извор на приходи во работењето на друштвото.

### Член 5

Постапката за продажба (отуѓување) на сопствените акции од член 1 ќе се спроведе во согласност со одредбите од Законот за хартии од вредност преку Македонската берза за хартии од вредност, а ќе се реализира преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, согласно законската и подзаконската регулатива и Правилата на Македонската Берза и Централниот Депозитар за хартии од вредност.

Продажбата (отуѓувањето) на акциите ќе се спроведе по пат на **јавна понуда** во согласност со Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

### Член 6

Минималната продажна цена на сопствените акции – предмет на јавната понуда, ќе се определи согласно Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје (Анекс 3). Плаќањето на акциите ќе се врши исклучиво во пари.